# СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
# ECONOMIC CHAMBER OF MACEDONIA

FS 549642

-Здружение на осигурување-
Бр.22-3224/1
16.12.2014 година
Скопје

International Chamber of Commerce

Association of Balkan Chambers

Balkan Center for Trade Promotion

European Banking Federation
The Voice of European Banks

CENTRAL EUROPEAN INITIATIVE

enterprise europe network
Business Support at Your Doorstep

**Предмет: СООПШТЕНИЕ**

Почитувани,

Врз основа на ставот на Агенцијата за супервизија на осигурување и Здружението на осигурување при Стопанската Комора на Република Македонија во координација со Претседателот на асоцијацијата на осигурителни брокери при Стопанската комора на Република Македонија, а во согласност со Законот за супервизија на осигурување и Законот за облигационите односи, известуваме дека во однос на услугите на осигурување кои се предмет на јавна набавка не е исклучено правото на учество на осигурително брокерските друштва во постапките за јавна набавка, но истото мора да биде регулирано во согласност со законските прописи и тоа на следниот начин:

- Доколку осигурително брокерско друштво е ангажирано од Договорен орган како консултант, стручно лице и за тоа има склучено договор со Договорниот орган со утврден надоместок, истото нема право да побарува надоместок од економските оператори (друштвата за осигурување) кои учествувале во конкретна јавна набавка;
- Доколку осигурително брокерско друштво е ангажирано од Договорен орган за конкретна јавна набавка на осигурителни услуги, Договорниот орган **има обврска** надоместокот за брокер или провизиската стапка за брокеража јавно да ја објави во Тендерската документација како економските оператори (друштвата за осигурувње) транспарентно би биле запознаени со исто и би го зеле во предвид и евентуално при пресметка на премијата за осигурување, па во овој случај обврската за исплата на таквиот надоместок ќе биде на товар на избраниот економски оператор (друштвото за осигурување). Во конкретната ситуација Брокерското друштво **е должно** да го информира Договорниот орган (Осигуреникот) за надоместокот (провизијата) која ја наплатува од друштвата за осигурување (економските оператори) по поединечно склучените договори со секое друштво за осигурување, која обврска произлегува и од член 142 став 4 од Законот за супервизија на осигурување, а дополнително договорно со одлука или друг пишан документ Договорниот орган и Брокерот, заемно би утврдиле единствена провизиска стапка или надоместок за брокерот кој ќе биде јавно објавен во Тендерската документација како погоре, како не би биле ставени во нерамноправна положба економските оператори (друштвата за осигурување);

**Напомена:**

Доколку во постапката за јавна набавка Договорниот орган користи осигурителен брокер да се додаде во Тендерската документација во точката 1.2 Договорен орган, како нова во подточка 1.2.3 и да стои" **Во оваа постапка Договорниот орган ќе користи надворешно стручно лице Осигурително брокерско друштво (точен назив) и за неговиот ангажман е предвиден надоместок во бруто износ од ________%(денари).**

Претседател,
Ило Ристовски с.р.

Димитрие Чуповски 13, 1000 Скопје, Република Македонија * П.Фах 324 * Телефон: (02) 3244000 * Факс: (02) 3244088
Dimitrie Cupovski 13, 1000 Skopje, Republic of Macedonia * P.O.Box 324 * Phone: + 389 2 3244000 * Fax: + 389 2 3244088
E-mail: ic@mchamber.mk * http://www.mchamber.mk